Согласно член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС, ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на триесеттата седница одржана на ден 31.12.2023 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР за 2024 година**

Со буџетскиот календар за 2024 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година како што следува:

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| **јануари** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи за 4 квартал од претходната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **15 дена по истекот на секој месец** | Месечни извештаи на општинските буџетски корисници до општината | Општински буџетски корисници |
| **Месец март** | -Се донесува Годишната сметка на буџетот на општината за 2023 година<br>-Годишната сметка на буџетот се доставува до Министерството за финансии | Совет на општина/ Градоначалникот |
| **Месец април** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи за 1 квартал од тековната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансии |
| **Месец јули** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи за 2 квартал од тековната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **Месец септември** | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период , и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн.. По потреба се реализираат првични форумски сесии/консултативни средби со граѓаните. | Градоначалник/ Општинска администрација |
| **Месец септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината | Министер за финансии |
| **Месец октомври** | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар | Градоначалник |
| **Месец октомври** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи за 3 квартал од тековната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **Месец октомври** | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година | Општинските буџетски корисници/Општинска администрација |
| **Октомври/ноември** | -Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни.<br>- Разгледување на нови барања и предлози по | Градоначалник/Општин ска администрација |

| | | |
|---|---|---|
| | кои одлучува и дава насоки Градоначалникот | |
| **Месец ноември** | Најдоцна до 15-ти ноември се донесува Ребалансот | Совет на општина |
| **Месец ноември** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. | Градоначалник |
| **Месец декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| **Месец декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година;<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината;<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници;<br>-Донесување на Буџетски календар за наредната година;<br>-Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28.ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС. | Совет на општина |

Бр.09-2565/1

31.12.2023 год.

Претседател на Советот на Општина Делчево

Гоце Попов